СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08- 6064/2
10.10.2023 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работата на Деветтата Вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.

## ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам Деветтата Вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци.

На седницата присуствуваат 18 советници, еден советник ќе ни се приклучи за кратко.

Констатирам дека имаме кворум за работа и Советот може полноважно да одлучува.

Согласно член 40 став 4 од Законот за Локална самоуправа пред започнување на седницата задолжително се гласа за оправданоста на причините за свикување на вонредната седница.

Во однос на оправданоста на свикување на денешната вонредна седница ве информирам дека Советот на Општина Кавадарци постапувајќи по насоките на МОН за итно превземање на ученичките домови, на седницата одржана на ден 27.04.2023 година има донесено одлука за превземање на основачките права и обврски на Ученичкиот Дом "Крсте Петков Мисирков" Кавадарци . Заради целосно спроведување на постапката како редовно функционирање на ученички дом, тоа е на територијата на нашата Општина, потребно е донесување на нов Статут на Ученичкиот Дом, заради пререгистрација на истиот во Централниот Регистар, одржана во Општински Дом, а потоа да следува донесување на сите други акти, потребни за редовно функционирање на Домот, во кој во моментот претстојуваат околу 70 ученици. Поради тоа ја ставам на гласање причината за свикување на 9-тата Вонредна Седница на Советот на Општина Кавадарци. Ве молам за гласање. Едногласно утврдена. Со тоа ја оправдавме причината за вонредната на самата седница.

Со Решение за свикување на денешната седница имате добиено и Предлог дневен ред за работа на седницата закажана за денес. Тоа е Статут на Општинскиот Ученички Дом "Крсте Петков

Мисирков" донесен од Управниот Одбор на Ученичкиот Дом "Крсте Петков Мисирков".

Согласно член 40, став 3 од Законот за Локалната Самоуправа на Вонредната Седница не може да се менува дневниот ред и затоа предлагам да преминеме кон гласање на предложениот дневен ред. Кој е за. Едногласно усвоена. Преминуваме кон разгледување на единствената точка од денешниот дневен ред.

1. Статутот на Општинскиот Училишен Дом "Крсте Петков Мисирков" Кавадарци.

Пред вас го имате добиено материјалот за Статутот, така да отварам претрес по ова прашање. Дали некој бара збор. Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани советници, почитуван Претседател на Совет, почитувана јавност. Значи еве, прво благодарност за денешната Вонредна седница. Во интерес на нашето средно образование и во интерес на дечињата кои што се надвор од Кавадарци, а тука се сместени во интернатот. Прво жалам што од 2017, или од 2007 или 2008 година имало Одлука на Влада да се превземат домовите и до ден денеска Општина Кавадарци не го превземала како Дом да биде под ингеренции и сопственост на Општина Кавадарци, значи по ургенцијата која што ја добивме и по укажаните работи, постапивме веднаш, тоа со претходна одлука на Совет од сите советници. Можам да укажам на неколку работи. Дека интернатот, кој што го имаме и кој што ќе премине во сопственост на Општина Кавадарци и управување од Општината е од големо значење за двете стручни средни училишта и за Шумарското Училиште и за "Киро Спанџов Брко", Средното Стручно Електромашинско Училиште, затоа што во моментот имаме 60 дечиња запишано надвор од Кавадарци, а интересот е многу поголем по основ на тоа што сакаат да дојдат деца, средношколци од прва година да учат во Општина Кавадарци, токму изучувајќи ги овие смерови што ние ги нудиме во средните стручни училишта. Знаете дека имаме нови смерови и во делот на Шумарското Училиште и во делот на "Киро Спанџов Брко", а тоа се: фармација, имаме мегатроника, имаме дуално образование, имаме шумарство нормално, земјоделие и Спортска академија, која што се изучува во Шумарското Училиште, така да мислам дека ова е голема предност за Општина Кавадарци и ве уверувам дека условите во Домот, заедно со вас советниците, со Програмата на Општина Кавадарци ќе ги дигниме на многу повисоко ниво, а тоа ќе рефлектира

со тоа што догодина очекуваме да имаме над 100 деца, капацитетот е до 140 дечиња во интернатот за сместување. Сакам да ја знаете и моменталната слика, веќе може ги имате разгледано документите. Интернатот е во една незавидна ситуација во моментот. Значи со лоша инфраструктура, со еден кат делумно реновиран, другиот кат воопшто не е реновиран од кога постои интернатот и со сопствена кујна која што мора да претрпе измени и реновирање комплетно и вработените во интернатот, ми се чине дека 3 или 4 плати немат земено до денеска како плати кои што се бруто плати. Општина Кавадарци од утре денот, односно од утре ни е празник, од четврток ќе си земе за обврска да и платите и сите обврски комплетно ги исплатиме на интернатот и редовно секојдневно си ги сервисираме нашите обврски, а ќе си земиме обврска и како Градоначалник, верувам и вие сите како советници, тие дечиња кои што ќе бидат тука, да бидат згрижени во најдобар начин, ухранети како што треба, затоплени, загреани, исто како наши деца, така да не се сомневам во тоа дека ние ќе го постигниме и би сакал да укажам на едно домаќинско и добро работење понатаму. Не е пренатрупан Домот со вработени. 7 вработени се вкупно, можеби со зголемување на децата ќе ни требат уште неколку воспитувачи и хигиеничар, така да во тој дел рационално ќе се размислува и ќе се разговара. 2,5 000 000 долгот, ќе го донесиме со идна програма наредниот Совет, во понеделник ми се чине дека ќе имаме, така да тие средства ќе ги обезбедиме за да можеме да исплатиме и да тековно сервисираме. Државата, односно МОН си зима за обврска, блок дотациите коишто досега ги пуштало на Државниот дом, да ги пушта исто и на нашиот дом сега, односно на Општинскиот Дом, а тоа ми се чини дека е 7600 по дете. 7600 денари, така да тоа е да речам солидна сума каде што можеме да ги покриеме нашите обврски и планот на работењето на Домот и да биде на квалитетно ниво и храната и самите услови во Домот. Вооедно да ја искористам приликата, би сакал да го честитам утре големиот празник 11 Октомври. Да ни е среќен и вечен на сите, пред се на државата и на Општина Кавадарци, на сите жители во Р. Македонија и сплотени заедно да продолжиме. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Дали некој друг бара збор . Во ред.

Почитувани советници Статутот на Домот Општинскиот Ученички “Крсте Петков Мисирков” го ставам на гласање. Кој

е за. Едногласно е усвоено. Со тоа е исцрпена првата и единствена точка на денешниот Дневен ред на Вонредна 9-та седница на Советот на Општина Кавадарци. Ви благодарам.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов